Уп. бр. 08-82

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Вит Корн Холдинг Б.В., со регистрирано седиште во Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Кралство Холандија, преку адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 03.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Вит Корн Холдинг Б.В., со регистрирано седиште во Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Кралство Холандија, ќе стекне контрола над Шајкашка ДОО, со регистрирано седиште во Индустриска зона - Чурушки пат 3, Жабаљ, Република Србија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000 ден. и за решението во износ од 30.000 ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 11.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Вит Корн Холдинг Б.В., со регистрирано седиште во Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Холандија, со која Вит Корн Холдинг Б.В. ќе стекне единствена контрола над Шајкашка ДОО, со регистрирано седиште во Индустриска зона - Чурушки пат 3, Жабаљ, Република Србија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Вит Корн Холдинг Б.В. е дел од МК групата на друштва и е холдинг друштво кое е дел од дивизијата на МК групата активна во земјоделскиот сектор. Работењето на друштвата во рамките на МК Група се организирани во пет дивизии: земјоделска дивизија, финансиска дивизија, која вклучува банкарско, брокерско и берзанско работење, хотелиерство и управување со недвижнини, енергетска дивизија, која вклучува производство на електрична енергија од обновливи извори (ветер и биомаса) и дивизија, составена од друштва чие работење е поврзано со обезбедување деловна поддршка за целиот систем на МК групата.

МК групата е присутна во Република Северна Македонија преку зависното друштво МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, со седиште на булевар „Партизански Одреди“ 155-1/мезанин 3, Скопје, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност 35.120 – производство на електрична енергија од обновливи извори. МК групата во Република Северна Македонија исто така генерира приходи од прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј, Суноко/Кристал Суноко и Карнекс.

Фабрика за шеќер Шајкашка ДОО поседува фабрика за производство на шеќер која се наоѓа во Жабаљ, Србија. Меѓутоа, фабриката за шеќер не е активна последните шест години и во моментов служи само како објект за пакување и складирање на производите, односно шеќерот што го произведува поврзаното друштво Црвенка Фабрика за шеќер ДОО Црвенка, со седиште на адресата Масарикова 7, Црвенка, Кула, Република Србија. Црвенка Фабрика за шеќер ДОО Црвенка не е предмет на Предложената трансакција.

Фабрика за шеќер Шајкашка ДОО нема зависни друштва, филијали или претставништва основани во Република Северна Македонија, ниту има какви било активности во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**